**20210801250**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 41 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 104/19, 146/19, 275,/19, 302/20 и 311/20), министерот за труд и социјална политика, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ, УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО, ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Член 1

Во Правилникот за начинот на остварување на правото на гарантирана минимална помош, утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото, образецот на барањето и потребната документација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 109/19, 192/20 и 23/21 ), во член 4 во точката 10 зборовите „во висина до 15.000 денари“ се бришат.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-2130/3
23 март 2021 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јагода Шахпаска**, с.р.